Врз основа на член 68 од Статутот на СДСМ, Одлуката за распишување на внатрепартиски избори, Правилникот и Роковникот за постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на членовите на органите и носителите на функции во Општинските организации на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија и градската организација на СДСМ-Скопје, усвоени на Четвртата седница на Централниот одбор на СДСМ одржана на 25.11.2017 година, се објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК**

**за самокандидирање за Претседател на Општинската организација Македонски Брод**

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ги повикува сите заинтересирани членови на Општинската организација на Социјалдемократскиот сојуз на Македонски Брод да поднесат кандидатура за Претседател на Општинската организација на СДСМ Македонски Брод, а притоа да ги исполнуваат критериумите од Правилникот за кандидирање и избор на Претседател на Општинската организација на СДСМ:

- Да уживаат висок авторитет, углед и доверба во нивната средина
- Да бидат доследни во остварувањето на политичките и програмските определби на СДСМ
- Да имаат јасна визија за идниот развој и делување на СДСМ на локално ниво, да поседуваат силни политички и организациски способности, да бидат подготвени за воведување современи методи и технологии за работа, да поседуваат вештини за јавен настап
- Да се однесуваат со почит и толеранција кон партиските колеги
- Да потпишат изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот целосно да го почитуваат
- Да бидат членови на СДСМ во моментот на поднесување на кандидатурата

Заинтересираните кандидати своите програми за работа треба да ги достават најдоцна до 16.03.2018 до Претседателот на СДСМ, во седиштето на Партијата на ул.“Павел Шатев“ бр.8 Скопје.

Дополнителни информации и обрасци за постапката (стандардизирана биографија и програма, пријава за самокандидирање, пријава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ ) се објавени на огласна табла во просториите на општинските организации на СДСМ и просториите на Градската организација на СДСМ-Скопје, како и на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија - www.sdsm.org.mk.

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**